# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 1/2023
## 31.01.2023 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино**

Се објавува **Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино,** што Советот на Општина Неготино гја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/1**
**3.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ” бр.5/02 ) и член 79 став 1 точка 46 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 6/11, 16/12 , 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино**

**Член 1**

Се доделуваат локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино.

**Член 2**

Доделувањето на локациите за поставување на штандовите од член 1 од оваа одлука се врши во просториите во општина Неготино врз основа на претходен договор помеѓу заинтересираните деловни субјекти кои се занимаваат со производство и продажба на вино и производи од вино.

Деловните субјекти кои се заинтересирани за поставување на штанд за продажба на вино и производи од вино поднесуваат барање до Општина Неготино.

Општина Неготино и деловните субјекти ќе склучат Договор за поставување на штанд за продажба на вино и производи од грозје , односно за користење на градскиот плоштад во Неготино за манифестацијата Св. Трифун .

**Член 3**

Урбаната опрема ќе биде поставена согласно одобрение за поставување на урбана опрема одобрена од градоначалникот на општина Неготино , а во согласност со Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино.

**Член 4**

Општина Неготино се откажува од правото за наплата на износот од користење на градскиот плоштад **за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун , заради афирмација на градот и општината и локалните економски субјекти кои се занимаваат со** производство и продажба на вино и производи од вино.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-72/3**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/2**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за работа за 2022 година на Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за работа за 2022 година со бр. 03-100 од 14.12.2022 година на **Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино**.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-72/4**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/3**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа со бр. 01-100/2 од 14.12.2022 година на **Локална библиотека „ Страшо Пинџур “ Неготино** за 2023 година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-72/5**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/4**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на Извештај за работа за 2022 година на ОУ „ Музеј на град Неготино“ Неготино

### Член 1

Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за работа за 2022 година со бр. 01-22/1 од 13.01.2023 година на **ОУ „ Музеј на град Неготино“ Неготино.**

### Член 2

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр. 08-72/6**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/5**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино за 2023 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа со бр. 01-197/1 од 20.12.2022 година на **ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино** за 2023 година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-72/7**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЕ2, дел од блок 6, ( помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калаџиска) општина Неготино**

Се објавува **Одлука за донесување на ДУП за УЕ2, дел од блок 6, ( помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калаџиска) општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/6**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 93 од Законот за урбанистичко планирање (,,Сл. Весник на РСМ” бр. 32/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за донесување на Детален урбанистички план за Урбана единица 2, дел од блок 6, (помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калајџиска“), општина Неготино**

**Член 1**

Се утврдува Детален урбанистички план за Урбана единица 2, дел од блок 6, (помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калајџиска“), општина Неготино според урбанистичка документација изработена од ,,ПАРАМЕТАР” ДООЕЛ Скопје, со технички број 04-02/2021 од септември 2022 година.

**Член 2**

*Деталниот урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:*
*-Текстуално образложение;*
*-Графички прилози според законските одредби;*
*-Одредби за реализација на урбанистичка документација;*
*-Извештај од извршена стручна ревизија изготвена од „НИМАЕР“ д.е Скопје, со тех.број 03-395/21 од јули 2022 година*
*-Согласност број 21-299/1 од 12 јануари 2023 година од Министерство за транспорт и врски*

**Член 3**

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр. 08-72/8**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

Се објавува **Одлука Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/7**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр .3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**Член 1**

Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа бр. 02-800/3 од 29.12.2022 година на **ЈП „ Комуналец “ Неготино** за 2023 година.

**Член 2**

Овој Заклучок во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-72/9**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино**

Се објавува **Правилник за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/8**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр. 05/02) Советот на општина Неготино на седницата одржа на ден **30.01.2023** година го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К

## За начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат начинот на формирање, составот, функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино.

## ФОРМИРАЊЕ И СОСТАВ НА ЕКО ПАТРОЛИ

### Член 2

Еко патроли во рамките на Општина Неготино се формираат од страна на работното тело формирано од Советот на Општина Неготино со Одлука бр.08-190/24 од 15.03.2022 година за членовите на Советот со мандат од 2021-2025 година.

Секој нареден состав на Совет со одлука ќе формира работно тело за формирање на Еко патроли од советниците во тој мандат.

### Член 3

Секоја Еко патрола се формира од редот на советниците и брои 3 члена и тоа : по еден советник од власта и еден советник од опозицијата и инспекторот за животна средина.
Формирањето на Еко патролите ќе се врши по пат на ждребување при што секој советник од опозицијата ќе го избира својот партнер во Еко патролата со влечење од кутија со ливчиња во кои што ќе бидат имињата на советниците од власта.

**Член 4**

Советот на Општина Неготино ќе донесе решение во кое ќе биде определен составот на Еко патролите по извршеното ждребување.

Во решението ќе се определи мандатот и надлежностите на еко патролите.

## НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 5**

Еко патролите во рамките на Општина Неготино ги имаат следните надлежности:

1. **Заштита на животна средина**

- Лоцирање на дивите депонии;
- Лоцирање на деловни субјекти кои вршат загадување на животната средина;
- Лоцирање на физички лица кои вршат загадување на животната средина;

2. **Излегување на терен и увид на лице место**

- Излез на лице место по пријава од граѓанин ( пријавата може да биде усна, писмена и по електронски пат );
- Излез на лице место по непосредно забележување на член на Еко патролата;

3. **Детекција на проблемот**

- Лоцирање на проблемите поврзани со загадување на животната средина;

4. **Подигнување на свеста на граѓаните и стопанските субјекти во врска со загадувањето на животната средина**

- Отворени денови за едукација во општина Општина за граѓаните и деловните субјекти од страна на членовите на Еко патролите
- Известување преку јавните медиуми

- Предупредување за локациите на кои што се врши загадување на животната средина предку електронските медиуми и изготвување на соодветни флаери

**ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕКО ПАТРОЛИТЕ**

**Член 6**

Секоја Еко патрола ќе функционира по определен распоред. Распоредот ќе биде определен во истото Решение  со кое ќе биде определен составот на Еко патролите и тоа на начин една Еко патрола за еден месец при што распоредот ќе се повторува се до крајот на мандатот на Советот.

Еко патролата која ќе биде определена за тековниот месец ќе биде должна во секој дел од денот да биде достапна за пријавување на проблемите  со загадување на животната средина, излез на лице место , вршење на увид и составување на записник од лице место. По составувањето записникот од лице место истиот ќе биде доставен до инспекторот за животна средина кој ќе состави официјален записник со печат и заверен од општина Неготино.

**Член 7**

Сите Еко патроли заедно еднаш во месецот по можност на денот на одржување на седница на Советот да спроведат еколошка акција за чистење на определена локација во траење од 45 минути.

Оваа локација ќе биде определена од членовите на Советот по пат на претходен нивен меѓусебен договор.

**Член 8**

Членовите на Советот на општина Неготино и градоначалникот во текот на годината да одржуваат еко акции заради заштита и унапредување на животната средина.

За одржувањето на еко акциите да бидат известени сите заинтересирани граѓани и деловни субјекти. Информирањето да се врши преку средствата за јавно информирање посебно преку официјалната страна на општина Неготино и

фејзбук страница на градоначалникот и сите советници во Советот со цел поголема масовност на еко акциите.

**Член 9**

Еко патролата да дава насоки и сугестии на комуналното претпријатие, а воедно и да преземат заеднички дејствија.

Еко патролата да може да повикува републички инспектор за животна средина и истиот да го насочи каде што има загадување и загрозување на животната средина на територијата на општина Неготино и заеднички да дејствуваат.

Еко патролата при дејствување на пријавен настан по потреба да бара помош и соработка од ОВР Неготино кои имаат законска можност да санкционираат и преземаат дејствија од Законот за јавна чистота.

**Член 10**

Секој граѓанин или деловен субјект може да поднесува иницијатива заради поголема заштита на животната средина на официјалната страна на општина Неготино во делот Услуги оддел Е- проблем.

Администраторот на страницата на општина Неготино е должен во најкраток рок пријавениот проблем да го достави до членовите на Еко патролата кои се надлежни за тековниот месец.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-72/10**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Мислење по Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за 2022/2023 година**

Се објавува **Мислење по Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за 2022/2023 година** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/9**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл.весник на РМ “ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22) и член 7 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта донесен од Министерот за образование и наука, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **30.01.2023** година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**по Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за 2022/2023 година**

**Член 1**

Советот на Општтина Неготино дава позитивно мислење во однос на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во **ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино** за учебната **2022/2023** година со бр. **08-521/1 од 06.12.2022** година .

**Член 2**

Ова мислење влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-72/11**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **30.01.2023** година.

**Бр.09- 100/10**
**31.01.2023 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **30.01.2023** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. **Вукосима Танева од Неготино во износ од 4.000,оо денари**
2. **Илија Мицов од Неготино во износ од 60.000,оо денари**
3. **Севинч Максудова од с. Криволак во износ од 15.000,оо денари**
4. **Едита Бехлули од с. Криволак во износ од 3.000,оо денари**
5. **Ленча Василева од Неготино во износ од 4.000,оо денари**
6. **Мелихан Елезова од с. Криволак во износ од 4.000,оо денари**
7. **Славиша Цветковиќ од с. Црвени Брегови во износ од 3.000,оо денари**
8. **Наџије Беџлули од с. Криволак во износ од 3.000,оо денари**
9. **Мартин Младеновски од Неготино во износ од 10.000,оо денари**
10. **Љупчо Тодорчев од д. Долни Дисан во износ од 5.000,оо денари**
11. **Славе Атанасов од с. Криволак во износ од 5.000,оо денари**
12. **Владко Кордов од Неготино во износ од 3.000,оо денари**
13. **Марјан Василев од с. Пепелиште во износ од 4.000,оо денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-72/12**
**30.01.2023 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 1/2023

1. **Заклучок за објавување на Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино**

2. **Одлука за доделување на локации за поставување на штандови за продажба на вино и производи од вино за одржување на манифестацијата Свети Трифун на градскиот плоштад во Неготино**

3. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

4. **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

5. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

6. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

7. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на ОУ Музеј на град Неготино**

8. **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа за 2022 година на ОУ Музеј на град Неготино**

9. **Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**

**10. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**

**11. Заклучок за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЕ2, дел од блок 6, ( помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калајџиска) општина Неготино**

**12. Одлука за донесување на ДУП за УЕ2, дел од блок 6, ( помеѓу улиците „Гоце Делчев“ и „Васка Калајџиска) општина Неготино**

**13. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**14. Заклучок за усвојување на Програма за работа за 2023 година на ЈП „ Комуналец “ Неготино**

**15. Заклучок за објавување на Правилник за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино**

**16. Правилник за начинот на формирање, составот, надлежностите , функционирањето и овластувањето на Еко патроли во рамки на Општина Неготино**

**17. Заклучок за објавување на Мислење по Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за 2022/2023 година**

**18. Мислење по Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино за 2022/2023 година**

**19. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

**20. Решение за доделување на еднократна парична помош**